# Јавен повик за ангажирање на ЕКСПЕРТИ/КИ ЗА АНАЛИЗА И ПРЕГЛЕД НА: ПРАВНИ И ФИНАНСИСКИ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ: БАЛКАН ОТПОРЕН НА КРИЗИ

**1. За Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност**

Сојуз- Национален совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на 116 локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите.

Сојуз-Национален совет за родова рамноправност (НСРР), финансиран и поддржан од Центарот за истражување и креирање на политики во рамки на проектот „Балкан отпорен на кризи“, објавува

## Јавен повик за два експерти/ки:

кои ќе анализираат правни и финансиски стратешки документи со цел подобрено разбирање на правни бариери за родово одговорно буџетирање во контекст на управување со кризи.

Проектот има за цел да создаде поволна средина за родово одговорни практики на буџетирање. Општата цел на проектот е да се постигне родова еднаквост, социјална вклученост и подобри резултати за жените и маргинализираните групи за време на кризни ситуации. Проектот се стреми да ја подобри отпорноста на жените и маргинализираните групи со тоа што ќе се даде приоритет на нивните потреби во напорите за одговор на кризи и закрепнување. Со промовирање на родово одговорно буџетирање и финансирање, проектот придонесува за зајакнување на жените и маргинализираните групи и се стреми да создаде трајни промени преку влијание врз политиките, буџетските процеси и структурите за одлучување.

**2. Опис на работни задачи:**

- Да се направи преглед на постоечките закони, политики и регулативи за да се идентификуваат празнините и бариерите што ја попречуваат интеграцијата на родовата перспектива во буџетирањето и финансирањето за време на кризни ситуации.

Austrian Development Agency · Gender Budget Watchdog Network – for a gender equal region · Sida – Swedish International Development Cooperation Agency · НСРР · Centar za razvoj građanskog društva PROTECTA – Center for civil society development · ImpAct – Center for Human Rights

- Да се идентификуваат вкупно 3 правни и финансиски регулативи кои го попречуваат родовото одговорното буџетирање.

- Да се креира анализа од добиените резултати

## 2.1. Цели на анализата

Целта на анализата е да воспостави и операционализира родово одговорни буџети. Ова вклучува развој на насоки, алатки и методологии за интегрирање на родовата перспектива во процесите на буџетирање.

Идентификување на правните и финансиските регулаторни прашања и документи во со цел доаѓање до заклучоци дали родово одговорното буџетирање се применува во контекст на кризи.

## 3. Времетраење и период на спроведување на активностите

За овој ангажман се предвидени **вкупно 10 работни денови**. Активностите треба да се реализираат од **средината на октомври 2023 година до крајот на март 2024 година**.

Анализата ќе се спроведе на **македонски јазик.**

## 4. Квалификации и барања кои треба да ги задоволи експертот/ката

Од експертот/ката се очекува да ги исполни следните критериуми:

Општо професионално искуство

- Високо образование
- Минимум 2 години работно искуство

Специфично професионално искуство

- Способност за навремено работење и испорачување на услуги
- Искуство во спроведување на анализи
- Одлично познавање на македонски јазик

**Пријавување и избор:**

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на  следниве документи:

- Писмо за изразување интерес;
- Професионално CV;
- Финансиска понуда, која вклучува надомест по ден во бруто износ изразена во македонски денари, со вклучен персонален данок на доход.
- Пријавите треба да се достават **најдоцна до 02.10.2023** на е-пошта sozm@t.mk и cvetkoviksimona3@gmail.com со предмет: Апликација за ЕКСПЕРТ ЗА АНАЛИЗА И ПРЕГЛЕД НА ПРАВНИ И ФИНАНСИСКИ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ- „БАЛКАН ОТПОРЕН НА КРИЗИ".

Критериуми за избор на експертот/ката се претходното релевантно професионално искуство и финансиската понуда. Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор може да бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.